РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 09-74/15
20.02.20.23 год.
Василево

Приватна агенција за вработување
АНТОРИС
Бр. 0307/104-2
20.02.20 23 год.
СКОПЈЕ

# ГЕНЕРАЛЕН ДОГОВОР ЗА ОТСТАПУВАЊЕ РАБОТНИЦИ

Склучен на ден 20.02. 2023 година, помеѓу следните договорни страни:

1. **Општина Василево**, со седиште на ул.Василево бб , со ЕМБС 6025277 и ЕДБ 4027005146097 застапувано од Градоначалнико Славе Андонов , од една страна, во понатамошниот текст – **Работодавач- корисник** и
2. **Приватна агенција за вработување АНТОРИС Скопје**, со седиште на ул. Мајка Тереза бр.44 Скопје, со ЕМБС 6616755 и ЕДБ 4080010513900, застапувана од Одговорното лице Александра Аврамовска, од друга страна, (во понатамошниот текст) - **Агенција**.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој Договор се уредуваат начинот и условите под кои Агенцијата ќе отстапува работници за вршење на привремени работи за потребите на Работодавачот- корисник.

Договорот се склучува во согласност со Законот за приватни агенции за вработувања и врз основа на Барањето доставено во писмена форма од страна на Работодавачот корисник.

## II. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Договорените страни го склучуваат овој Договор за **1 (една) година** почнувајќи од **01.03.2023 година**, со можност за негово продолжување, односно до исцрпување на средствата утврдени во јавната набавка во висина од 900,000 денари без ДДВ.

## III. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 3**

Агенцијата може врз основа на овој Договор да отстапи работник кај Работодавачот-корисник за вршење на привремени работи во случај на:

1. Замена на привремено отсутен работник
2. Привремено зголемен обем на работа
3. Сезонска работа
4. Работа на проект
5. Специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на работодавачот корисник и
6. Непредвидливи краткотрајни активности кои се јавуваат во вршењето на претежната дејност на Работодавачот корисник.

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ

**Член 4**

Работодавачот-корисник е должен да достави Барање за потреба од работник во писмена форма до Агенцијата.

Барањата доставени во текот на една година, од потпишување на овој Договор се составен дел на овој Договор.

Барањето треба да ги содржи сите потребни податоци, како: број на работници кои се потребни на корисникот, потребни квалификации на работниците за извршување на работите, период за кој се бара отстапување на работникот, место во кое се извршуваат работите, видот на работите кои ќе ги врши отстапениот работник, лице овластено од Работодавачот-корисник за координатор на работниците за нивно застапување.

Поединечно барање не може да биде поднесено за период подолг од една година.

Работодавачот-корисник го поднесува барањето за потребните работници до Агенцијата по електронска пошта и тоа најмалку три работни дена пред датумот на кој работниците треба да бидат обезбедени од Агенцијата и да започнат со вршење на работните задачи кај Работодавачот-корисник.

Доколку Работодавачот-корисник го откаже процесот на селекција на кандидати од страна на Агенцијата или процесот го стави во мирување, го стопира за период подолг од еден месец во фаза кога се извршени интервјуата со селектираните кандидати кои се предложени на Работодавачот-корисник од страна на Агенцијата, Работодавачот-корисник безусловно се обврзува на Агенцијата да и ги надомести трошоците во износ од 3.000,00 денари плус ДДВ, за секој кандидат.

Доколку Работодавачот-корисник не ги почитува одредбите наведени во Барањето за потреба од работник или се однесува непрофесионално кон предложените кандидати, Агенцијата има право да го откаже процесот на селекција, поради вина на Работодавачот-корисник, а Работодавачот-корисник безусловно се обврзува на Агенцијата да и` ги надомести трошоците во износ од 5.000,00 денари плус ДДВ. Работодавачот-корисник е должен најдоцна во рок од пет дена од денот кога го избрал предложениот кандидат/ти од страна на Агенцијата, писмено преку е-маил да ја извести Агенцијата за кандидатот за кој одлучил дека ќе го ангажира за потребите на своето работење, со цел Агенцијата да го извести кандидатот/тите и да ја изготви фактурата.

Доколку по одржаните интервјуа со кандидатите предложени од страна на Агенцијата, Работодавачот-корисник не избере кандидат кој одговара на барањата, се согласува на Агенцијата да и`даде образложение зошто испратените кандидати не одговараат, а со цел да и помогне на Агенцијата во иднина да го подобри процесот на селекција на кандидатите.

Барањето потребно е да биде целосно пополнето и потпишано од овластено лице, заверено во деловодна книга и заверено со печат.

**Член 5**

Агенцијата се обврзува врз основа на овој Договор да му обезбеди на Работодавачот-корисник определен број работници за потребите на неговото работење.

Професионалните квалификации на секој поединечен работник ќе биде во зависност од потребите на Работодавачот-корисник.

Агенцијата се обврзува во случај на отсуство на ангажиран работник поради било која причина, веднаш по известување од Работодавачот-корисник, да обезбеди нов дополнителен работник за истото работно место и со истите квалификации и параметри за неговото ангажирање (работни задачи, плата, период за кој се бара отстапување итн.) како што се наведени во веќе доставеното барање за отсутниот работник, а со цел да се одржи постојано присуство на истиот број на работници во целиот период наведен во барањето.

Новиот дополнителен работник ќе биде ангажиран кај Работодавачот-корисник само за онолку време за колку е отсутен предходно ангажираниот работник.

**Член 6**

Работодавачот-корисник се обврзува редовно и во законски утврдени рокови, најдоцна до 5-ти во месецот да и доставува на Агенцијата список за редовност, награди, одбитоци и изречени казни за непочитување на работните обврски во минатиот месец.

Врз основа на изготвените пресметки, Работодавачот-корисник во законски утврдените рокови, односно најдоцна до 14-ти во месецот, за претходниот месец, ќе и исплаќа на Агенцијата плата и надоместоци од плата за вработените, осигурување од несреќен случај, придонеси од плата за вработените и сите други давачки по тој основ предвидени со позитивните законски прописи.

**Член 7**

Работодавачот-корисник се обврзува да и ги подмири на Агенцијата и целокупните трошоци во врска со огласувањето заради обезбедување на работници согласно условите за тарифирање утврдени од страна на друг добавувач кој ја обезбедува услугата огласување.

Оваа услуга се активира само по доставено писмено барање на Работодавачот-корисник до Агенцијата.

**Член 8**

Агенцијата ги врши вработувањата со наплата на надоместок за извршените услуги. Врз основа на овој Договор, на Агенцијата ќе и биде исплатуван надоместок за услугите во висина од **2,43%** од бруто примања по отстапен работник и 18% ДДВ на износот на надоместокот за услугите.

Доколку Работодавачот-корисник не ги исплати навремено фактурите добиени од Агенцијата, најдоцна до законскиот определен рок за исплата на бруто плата поточно најдоцна до 14-ти во месецот, за претходниот месец, тој се обврзува да плаќа законска казнена камата.

**Член 9**

Агенцијата се обврзува да изврши исплата на плата и надоместоци од плата за вработените најдоцна следниот работен ден по добивање на средствата за таа намена од

Работодавачот-корисник, доколку не постојат други пречки кои ќе го попречат трансферот како што се неуспехот на компјутерски систем на други институции кои се појавуваат како посредници во трансферот на плата.

**Член 10**

Отстапените работници ќе ги извршуваат работите и работните задачи во просториите на Работодавачот-корисник. Доколку тоа го налага природата на работата, Работодавачот-корисник може да го упати работникот да ги извршува работните задачи и на друго место.

Во однос на распоредот на работното време, одморите и отсуствата на работниците, ќе се применуваат одредбите од Законот за работни односи како и одредбите од интерните акти на Работодавачот-корисник.

**Член 11**

Работодавачот-корисник се обврзува на сите вработени на Агенцијата кои ќе ги извршуваат работите и работните задачи да им обезбеди соодветни услови и средства за работа како и да ги превземе сите потребни мерки за заштита при работа предвидени со законските прописи и други правни акти.

Работодавачот-корисник е должен за управување и надзор над работата што ја врши отстапениот работник.

Доколку Работодавачот-корисник не е задоволен од работата и однесувањето на вработените, пред да превземе било какви дејствија должен е писмено да ја извести Агенцијата за тоа. Во тој случај Агенцијата ќе превземе мерки во согласност со закон.

Работодавачот-корисник ги разбира и почитува сите членови и одредби од Законот за приватни агенции за вработувања.

**Член 12**

Договорните страни се согласни дека ќе ги почитуваат сите одредби од Законот за заштита на личните податоци, односно давателот на услугата - обработувач, во случајот – Агенцијата ќе ја почитува обврската да постапува единствено и во согласност со упатствата добиени од страна на Корисникот на услугата - контролор во случајот Работодавачот-корисник и ќе ги превземе сите потребни технички и организациски мерки со цел да обезбеди тајност и заштита при обработка на личните податоци.

**Член 13**

Договорните страни се должни да доставaт известување за секоја промена на адресата (седиштето), промена на името и сите останати промени кои ќе настанат, во рок од 3 (три) работни дена од настанувањето на промената.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 14**

Овој Договор се смета за склучен и стапува во сила во моментот на неговото потпишување од страна на двете договорни страни.

**Член 15**

За се она што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за приватни агенции за вработувања, Законот за работни односи и Законот за облигациони односи.

**Член 16**

За решавање на евентуалните спорови кои ќе настанат во врска со реализацијата на Договорот, надлежен е Основниот Суд Скопје 2 Скопје.

**Член 17**

Овој Договор се склучува во 5 (пет) еднакви примероци од кои по 2 (два) задржува секоја договорна страна и еден е за службена употреба.

**Д О Г О В О Р Н И С Т Р А Н И:**

| За Работодавачот-корисник | Пав Анторис Скопје |
|---|---|
| **Славе Андонов** | **Александра Аврамовска** |
| Градоначалник | Одговорно лице |

Приватна агенција за вработување АНТОРИС СКОПЈЕ